


ЕВН е компанија чија главна дејност е дистрибуција, снабдување и производство на електрична енергија. На македонскиот пазар компанијата е присутна од 2006 година како дел од групацијата EVN. Во изминатите 15 години на овој пазар, ЕВН се стреми кон одржување на високата професионалност и континуиран квалитет на услугите за своите корисници.

## КАРИЕРА ВО ЕВН

За потребите на одделот Сметководство, бараме

# СМЕТКОВОДИТЕЛ - со средно образование (М/Ж)

**Опис на работните задачи**

- Одговорен за точно и навремено евидентирање на сметководствена документација
- Следење и имплементирање на поставените процедури и насоки за точно одржување на финансиските и сметководствени податоци на компанијата како и нејзините трансакции
- Проверка на билансирање, спроведување на билансна политика
- Подготовка и пресметки на провизии, резервации, амортизација, пресметки во врска со средства и инвестиции, камати и сл.
- Подготовка на завршна сметка, финансиски извештаи, и други извештаи поврзани со делокругот на работење на групата.
- Одржување на базата на податоци: контен план , одржување на извештаи, база на добаувачи, база на купувачи, жиро сметки и база на основни средства

**Потребни квалификации**

- Средно образование
- Најмалку 10 години искуство во областа
- Одлично познавање на англиски јазик и MS Office
- Познавање на софтвери за обработка на податоци ќе се смета за предност
- Комуникативност, флексибилност, проактивност, иницијативност, аналитичност

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН, на jobs@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 09.01.2023.

**Напомена:** Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/Careers.aspx .

ЕВН е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува